МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Скопје, Ноември 2016 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ број 27/14 и 199/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-2753/2 од 29.02.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-8800/3 од 29.09.2016 година (во натамошниот текст: министерството) и тоа:

Член 2

Во член 38 Фитосанитарна управа кај работното место со реден број 700 Раководител на Сектор за здравје на растенијата кај работните задачи и обврски по работната задача „-Го координира изготвувањето на стручни мислења за здравје на растенија„ се додава една нова работна задача и обврска која гласи:

-Потпишува управни акти кои ги донесува Фитосанитарната управа, а произлегуваат од Законот за здравје на растенијата.

Член 3

Во член 38 Фитосанитарна управа кај работното место со реден број 725 Раководител на Сектор за агрохемија кај работните задачи и обврски по работната задача „- Одговорен за воспоставување на Фитосанитарниот информативен систем во делот на ѓубриња.„ се додава една нова работна задача и обврска која гласи:

-Потпишува управни акти кои ги донесува Фитосанитарната управа, а произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобруачи на својствата на почвата.

Бр. 04-_____

_____2016 година

Скопје